Предлог

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа („Сл. весникна РМ" бр.5/02) член 7, точка 3 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. Гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седницата одржана на __ .12.2021 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**за активностите на општина велес во областа**
**на културата и меѓународната соработка во 2022 година**

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Велес;
- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Велес;
- Создавање услови за развој на културата;
- Воведување нови форми на културно изразување.

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и целите поставени во Стратегијата за култура донесена од Советот на Општина Велес и тоа:

- Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно – уметнички манифестации;
- Реализирање на манифестации, програми и проекти кои даваат посебно обележје на Општина Велес;
- Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Северна Македонија и странство во Општина Велес;
- Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Велес;
- Остварување продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници;
- Мотивирање за активно учество на локалните културни установи во реализирање на Програмата;

| | Активности на Општина Велес за 2022 година | |
|---|---|---|
| 1 | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| | **МАНИФЕСТАЦИИ** | **4.570.000,00** |
| 1.1 | 59· Рацинови средби<br>55 Детски Рацинови средби | 690.000,00 |
| 1.2 | XVII Интернационален фолклорен фестивал | 800.000,00 |
| 1.3 | Култура низ сите годишни времиња | 1.600.000,00 |
| 1.4 | XVII Фестивал на античка драма „Стоби" | 500.000,00 |
| 1.5 | 9. Ноември – Ден на Општина Велес | 300.000,00 |
| 1.6 | Денови на Кемал Ататурк | 80.000,00 |
| 1.7 | Меѓународна скулпторска колонија | 400.000,00 |
| 1.7 | Непредвидени манифестации | 100.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.8 | Техничка поддршка при реализација на настани и манифестации | 100.000,00 |
| **2** | **ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ** | **300.000,00** |
| 2.1 | Негување на културата, традицијата и обичаите на заедниците | 200.000,00 |
| 2.2 | Сопствено учество во непредвидени проекти | 100.000,00 |
| **3** | **ИНВЕСТИЦИИ** | **680.000,00** |
| 3.1 | Градежни зафати за санирање на влага, дограма и ѕидови и репарирање на дрвенарија (столбови, чардак...) во спомен-куќите на ЈХК-Џинот и Касапови | 280.000,00 |
| 3.2 | Изработка и поставување постаменти за скулптури и споменици | 250.000,00 |
| 3.3 | Непредвидени трошоци | 150.000,00 |
| **4** | **ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИ УСТАНОВИ** | **1.400.000,00** |
| 4.1 | Комунални трошоци во Ликовен салон и спомен куќи | 200.000,00 |
| 4.2 | Тековно одржување на Ликовен салон и спомен куќи | 200.000,00 |
| 4.3 | Средства за тековно работење на Градско кино | 800.000,00 |
| 4.4 | Поддршка на проекти и проектни активности на локални установи | 100.000,00 |
| 4.5 | Трошоци за видео надзор на спомен куќи, Ликовен салон и др. објекти од областа на културата | 100.000,00 |
| **5.** | **КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА** | **280.000,00** |
| 5.1 | Организирани работни посети во странство, посети на претставници од Општина Велес на збратимени градови и градови пријатели на Велес | 200.000,00 |
| 5.2 | Објавување соопштенија за јавност,известувања и изработка на аудио и видео материјали за промотивни цели | 80.000,00 |
| 6 | **ДРУГИ РАСХОДИ** | **250.000,00** |
| 6.1 | Персонален данок | 50.000,00 |
| 6.2 | ЗАМП | 50.000,00 |
| 6.3 | Други договорни услуги | 50.000,00 |
| 6.4 | Непредвидени трошоци | 100.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **7.480.000,00** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Велес предвидени за 2022 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, спонзорства и донации.

При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

- Министерство за култура на Република Северна Македонија;
- Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;
- Други извори.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“ а ќе се применува од 01.01.2022 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

Образложение

Програмата за култура и меѓународна соработка на Општина Велес за 2022 година е подготвена во координација со културни дејци, граѓани и граѓански организации од областа на културата и таа претставува отсликување на потребата на жителите на Општината во областа на културата и меѓународната соработка. Имајќи ја предвид перспективата на културниот развој, особено внимание во оваа Програма е ставено на обезбедување предуслови за задоволување на културните потреби на граѓаните. Оваа предлог Програма, меѓу другото има за цел и промовирање на културните вредности, градење и негување на музичката, филмската, драмската, литературната и ликовната уметност, поддршка на културни традиции и друго.

Преку „Култура низ сите годишни времиња“ се предвидува сосема нов пристап кон културата и уметноста преку целата година во Велес, со што ќе се добијат изобилство од културни настани и културни случувања, фестивали, работилници, концерти, изложби , возобновување на традициите и вредностите кои Велес ги имал низ времето, поттикнување на младите за активно учество во креирањето на новите културни вредности, негување на трајните вредности кои уметниците од нашиот град ги создавале, креирање нови настани кои ќе го збогатат културниот и забавниот живот.